РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

Октомври 2010 година



Скопје, декември 2010 година

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Октомври 2010 година**

- Индексот на индустриското производство во октомври 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа пад од 4,4%;
- Годишен раст на општото ниво на цени од 2,7%, додека на месечно ниво инфлацијата изнесува 0,3%%;
- Раст на физичкиот обем на извозот во периодот јануари-октомври 2010 година за 11,5%, при што номиналниот раст изнесува 26,5% во однос на истиот период минатата година. Растот на увезените количини на стоки изнесува 6,8%, со вредносен номинален раст од 10,9%;
- Поголемо остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 3,8 (15,7% од БДП) и зголемување на вкупните расходи за 0,8% (17,3% од БДП) во периодот јануари - октомври 2010 година во однос на истиот период лани; буџетскиот дефицит изнесува 1,5% за централниот буџет и 1,8% за консолидираниот буџет;
- Раст на вкупните кредити кон приватниот сектор, со стапка од 8% на годишна основа, со истовремено зголемување на вкупниот депозитен потенцијал на банките за 13,3%;
- Намалување на бројот на регистрирани невработени лица во октомври за 1.299 лица во одос на претходниот месец, при што истиот изнесува 321.934.

# 1. Реален сектор

**1.1 Индексот на индустриското производство во октомври 2010 година во однос на истиот месец од претходната година забележа пад од 4,4%.**

Анализирано по сектори, секторот Вадење на руди и камен забележа пад од 7,9% на годишно ниво, секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 3,8% и секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода пад од 8,1%.

Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај 70% од гранките, при што, значаен раст е забележан кај две од трите носечки гранки, со двоцифрено учество во структурата на индустриското производство. Така, раст е остварен кај Производството на облека од 24,2% и Производството на основни метали од 20,2%, додека кај Производството на прехранбени производи и пијалаци забележан е пад од 5,2%.




Најголем позитивен придонес во годишниот раст на индустриското производство има Производството на други сообраќајни средства (7,3 процентни поени), а најголем негативен придонес има Производството на метални производи во металопреработувачката фаза (-2процентни поени). Индексот на индустриското производство во август 2010 година во споредба со претходниот месец забележа пад од 2,2%.

Индексот на индустриското производство во октомври 2010 година во споредба со претходниот месец забележа пад од 1%. При тоа, секторот Вадење на руди и камен забележа пад од 3,4% на месечно ниво, секторот Преработувачка индустрија забележа пад од 3,2%, додека секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода забележа раст од 23%.




Десезонираниот месечен раст на индустриското производство во октомври 2010 година изнесува 4,3%, што укажува на високо негативно сезонско влијание во индустријата.

На кумулативна основа, во периодот јануари-октомври 2010 година, индексот на индустриското производство во однос на истиот период од претходната

година забележа намалување од 4,2%, еднакво на периодот јануари-септември.

Според оценката на раководителите на претпријатијата, економската состојба на претпријатијата во август 2010 година е малку понеповолна во однос на претходниот месец, како и оценката за обезбеденоста на производството со порачки. Обемот на производството на деловните субјекти во октомври 2010 година бележи мал пад во споредба со претходниот месец, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се малку понеповолни, а очекувањата за бројот на вработените се понеповолни, што укажува на влошување на состојбите во преработувачката индустрија.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во октомври 2010 година изнесува 60,2% од нормалното искористување, што претставува минимално зголемување во однос на минатиот месец кога изнесуваше 60,1%.

Според раководителите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во август 2010 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 22,8%, недоволната домашна побарувачка со 16,4%, финансиските проблеми со 12,1% и неизвесното економско окружување со 10,9%.

Вкупниот број на работници во индустријата во октомври 2010 година во споредба со октомври 2009 година забележа намалување од 0,6%.

Секторската анализа укажува на намалување на стапките на пад при што во Преработувачката индустрија забележан е пад од 0,7%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода регистриран е пад од 0,2%. Во секторот Вадење на руди и камен бројот на работници е ист како и октомври минатата година.

На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во првите девет месеци од 2010 година забележа намалување од 4,9%, што претставува намалување на стапката на пад (во периодот јануари-август истата изнесуваше -5,4%). Намалувањето во секторот Вадење на руди и камен изнесува 3,9%, во Преработувачката индустрија 5,4%, а во секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода 1,5%.

**1.2. Во октомври 2010 година цените на производите за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се повисоки за 2,7% во однос на истиот месец од претходната година**.

Растот на општото ниво на цени се должи најмногу на зголемувањето на цените во категоријата Домување од 5,7%, како последица на растот на цените за Огрев и осветление за 9,1%. Раст на цените е забележан и во категоријата Исхрана од 3,4% (која воедно има и највисоко учество во пресметковната структура од 38,6%), Сообраќајни средства и услуги од 3,1%, Облека и обувки од 2,0%, Ресторани и хотели  и Тутун и пијалаци од 0,7%. Пад на цените е забележан во категориите Култура и разонода од 2,5% и Хигиена и здравје 0,1%.

Индексот на трошоците на живот во октомври 2010 година во споредба со септември 2010 година е повисок за 0,3%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за октомври 2010 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.105 денари и во однос на претходниот месец е повисока за 0,6%.




**Индексот на цените на мало во октомври 2010 година забележа зголемување од 3,3% во однос на октомври 2009 година.**

**1.3. Во октомври 2010 година на светските берзи имаше месечно зголемување на цените на металите, додека цената на природниот гас забележа пад.**

Во октомври цената на нафтата на светските берзи се зголеми за 6,6% во однос на претходниот месец и достигна вредност од 82,9 долари за барел. Споредено со септември претходната година, цената на нафтата е зголемена за 13,3%.




Во рамки на металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 5,1% и достигна ниво од 23,807 долари за еден метрички тон ($/мт). Исто така, споредено со септември претходната година цената на никелот е повисока за 28,5%. Раст на цените на месечно ниво беше забележан и кај цинкот од 10,2%, алуминиумот 8,5%, бакарот 7,6%, и златото 5,6% .

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-октомври 2010 година вкупната надворешно-рговска размена (изразена во евра) бележи раст од 16,3% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот се зголеми за 11,5%, а неговата вредност изнесуваше 2.005,5 милиони евра, што претставува **значителен и најголем раст годинава од 26,5%** во однос на истиот период минатата година. Зголемувањето на увезените количини на стоки изнесува 6,8%, а нивната

вредност оствари износ од 3.265,5 милиони евра или пораст од 10,9%.

При вакви движења, **дефицитот** во размената остварен до крај на октомври изнесува 1.260 милиони евра, што претставува стеснување на годишно ниво за 7,4% (100,2 милиони евра), а се објаснува со поинтензивниот раст на извозот (26,5%) од увозот (10,9%). Анализирано од аспект на салдата, намалувањето на негативното салдо на размената е резултат на комбиниран ефект од намаленото негативно салдо на размената на електрична енергија, индустриски машини и делови, останата транспортна опрема, телекомуникациони апарати, погонски машини и уреди и производи за храна, како и прошireното позитивно салдо во размената со железо и челик и нивни производи, метална руда и метални отпадоци, хемиски материјали и метални производи. Во спротивна насока делува прошireното негативно салдо во размената кај сирови хемикалии, друмски возила, нафта и производи од нафта, обоени метали и друго. Ваквите движења условија и подобрување на степенот на покриеност на увозот со извоз во десетте месеци, кој изнесува 61,4%, што претставува годишно подобрување за 7,6 п.п..




**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во првите десет месеци од 2010 година се: железо и челик 23,8%, облека 17,3%, нафта и производи од нафта 6,7%, метална руда и метални отпадоци 6,4%, пијалоци и тутун 6,1%, и овошје и зеленчук 5,8%.** Овие шест групи производи сочинуваат 66,1% од вкупниот извоз на државата. Според направената анализа, **сезонско прилагоденото движење на извозот** во октомври бележи месечен пад **од 4,3%**, што укажува на високото негативно влијание на сезонскиот фактор (8 п.п.) врз извозот и во овој месец.




Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во десетте месеци отпаѓа на: нафта и производи од нафта (431,5 мил. евра, 12%), друмски возила (246,9 мил. евра, 7,7%), железо и челик (224,3 мил. евра, 7,6%), текстилни предива и слично (238,7 мил. евра, 6,9%), електрични машини, апарати и делови (105,9 мил. евра, 3,2%) метална руда и метални отпадоци (111 мил. евра, 2,4%) и друго.

Кај увозот на стоки, десезонираното движење покажува намалување од 4,2% на месечно ниво, што укажува на позитивен импакт на сезонските фактори (16,9 п.п.) врз увозот на стоки.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2009 | I-X-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| .000T | 506,9 | 612,0 | 105,1 | 20,7 |
| Мил. ЕУР | 308,9 | 476,6 | 167,7 | 54,3 |
| Мил.$ | 427,2 | 626,2 | 199,0 | 46,6 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2009 | I-X-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| .000T | 443,8 | 489,6 | 45,8 | 10,3 |
| Мил. ЕУР | 173,2 | 224,2 | 51,0 | 29,4 |
| Мил.$ | 239,5 | 296,9 | 57,4 | 24,0 |

*)Претходни податоци

**2.3. Анализирано по економска намена, во периодот јануари-октомври 2010 година, значителен раст на извозот е забележан кај индустриските производи за 46,2% или за 311,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.** Извозот на производите наменети за лична потрошувачка и енергија белажат раст од 48,8 милиони евра (6,7%) и 47,9 милиони евра (43,9%), соодветно. Слични тенденции се забележа и кај **увозот**, каде индустриските производи забележаа значителен раст од 256,4 милиони евра или 24,4% и изнесуваат 1.307,1 милион евра, додека вредноста на увезените производи наменети за енергија изнесуваше 536,2 милиони евра, што претставува пораст од 17,5% или 79,9 милиони евра. Пад од 4,5% е забележан кај увозот на производи наменети за инвестиции, што секако претставува неповолно движење во однос на структурата на увозот.

**2.4. Анализата на кумулативниот извоз по дејности во јануари-октомври 2010 година, споредено со ист период лани, покажува дека** висок раст бележи **извозот** кај **преработувачка индустрија** за 23,8%, што првенствено се должи на растот кај: производство на основни метали за 185 милиони евра или 56,6% со придонес од 43,8% во вкупниот раст на извозот, производство на хемикалии и хемиски производи за 108 милиони евра или 2,5 пати со придонес од 25%, производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво за 27 милиони евра или 25,4% со придонес од 6,5%, производство на машини и уреди за 18 милиони евра или 48% со придонес од 4,3% и прехранбени производи и пијалоци за 15,6 милиони евра или 9,4% со придонес од 3,7%.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2009 | I-X-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 279,5 | 269,0 | -10,5 | -3,8 |
| Мил. ЕУР | 106,4 | 135,1 | 28,7 | 27,0 |
| Мил.$ | 147,1 | 178,2 | 31,1 | 21,1 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X-2009 | I-X-2010 | Салдо 2010-2009 | Стапки во% |
| 000T | 1.083,4 | 961,8 | -121,6 | -11,2 |
| Мил. ЕУР | 348,6 | 431,5 | 82,9 | 23,8 |
| Мил.$ | 480,0 | 568,0 | 88,0 | 18,3 |

*)Претходни податоци

Во рамки на оваа дејност, пад на извозот е забележан кај производство на електрични машини и апарати за 16 милиони евра или 48% и производство на метални производи во металопреработувачка фаза, освен машини и уреди за 12,7 милиони евра или 32,5%.

Кај дејноста **земјоделство шумарство и рибарство** позитивно движење на извозот забележа земјоделството, ловот и соодветни услужни дејности за 17,3%.

Во рамки на дејноста **вадење на руди и камен** растот на извозот за 50 милиони евра или 69,6% се должи на растот кај гранките вадење на руди на метал за 44 милиони евра или 78% и вадење на други руди и камен за 5 милиони евра или 34%.

Во дејноста **снабдување со електрична енергија, гас и вода,** растот на извозот од 21 милион евра во целост се објаснува со високиот раст на извозот на електрична енергија во десетте месеци оваа годиина.

**Од анализата на увозот по дејности, за периодот јануари-октомври 2010 во однос на истиот период лани, се констатира дека носител на кумулутивниот раст на увозот е преработувачката индустрија со 9,5% или 234 милиони евра, што се должи на порастот кај:** производство на основни метали за 101 милион евра или 43% со придонес од 30,7% во вкупниот раст на увозот, производство на хемикалии и хемиски производи за 91 милион евра или 29,4% со придонес од 27,6%, производство на моторни возила приколки и полуприколки за 72,3 милиони евра или 42,8% со придонес од 22% и производство на кокс, деривати на нафта и нуклеарно гориво за 42 милиони евра или 36,4% со придонес од 12,8%.

Увозот во дејноста **вадење на руди и камен** бележи раст од 32,4% или 100 милиони евра со придонес од 30,4% во вкупниот раст на увозот, а се должи на растот кај: вадење на сурова нафта и природен гас за 21,8% или 57,7 милиони евра и вадење на руди на метал за 2 пати или 35 милиони евра.




Поради намалениот увоз на електрична енергија, увозот кај дејноста **снабдување со електрична енергија, гас и вода** забележува пад од 23,8% или 18 милиони евра.

Увозот во земјоделската дејност поради интензивираните активности и припремите за есенската сеидба, забележа позитивно движење за 6,3% или 4 милиони евра.

**2.5.** Гледано по региони, во периодот јануари-октомври од 2010 година, при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на истиот период лани за 22,4%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 2,8 п.п. и изнесува 56,4%, при што извозот на стоки учествува со 61,3% и увозот на стоки со 53,4%. Извозот во Европската Унија бележи значајно позитивно поместување од 38,4%, а увозот бележи раст од 13,2% во однос на истиот период од 2009 година.

Во периодот јануари-октомври од 2010 година, 88% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Турција, Кина, Велика Британија, Грција, Србија, Словенија, Украина, САД, и Италија, додека истиот

беше корегиран со остварениот суфицит во размената со Косово, Албанија, Белгија, Германија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Шпанија и други.

**2.6.** Гледано по валутна структура, 73,5% од надворешно-трговската размена во десетте месеци од 2010 година е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува намалување од 3,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 77,6% и 71%, соодветно и во однос на истиот период лани застапувањето на еврото во размената бележи намалување и кај извозот и кај увозот за 4,4 п.п. и 3,9 п.п., соодветно.

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА НА Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**
**- по валути -**

| извоз | I-X 2009 | | | | | I-X 2010 | | | | | апсолитна промена во валутна вреднос | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. .000 t | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 1.971 | 1.300.549.761 | 61,2926 | 79.714.076.281 | 82,0 | 2.210 | 1.556.178.907 | 61,5131 | 95.725.388.724 | 77,6 | 255.629.146 | 19,7 |
| УСД | 488 | 381.019.955 | 44,6039 | 16.994.975.971 | 17,5 | 533 | 579.221.363 | 46,5945 | 26.988.529.798 | 21,9 | 198.201.408 | 52,0 |
| ЕУР+УСД | 2.459 | | | 96.709.052.252 | 99,5 | 2.748 | | | 122.713.918.522 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 2.464 | | | 97.236.126.788 | 100,0 | 2.472 | | | 123.344.375.021 | 100,0 | | |

Извор:Државен завод за статистика и НБРМ

# 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари - октомври во 2010 година, вкупните приходи на Централниот буџет по четврти пат годинава се повеќе остварени и изнесуваат 66.921 милиони денари ( 15,7% од БДП ), што претставува поголемо остварување за 3,8% во однос на истиот период минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 59.118 милиони денари, и континуирано веќе пет месеци имаа поголемо остварување што изнесуваше 3,7% во однос на истиот период минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите десет месеци од 2010 година е доминантно и изнесува 52,5%, а на акцизите 19,8%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 42.696 милиони денари, односно 72,2% или речиси 3/4 од вкупните даночни приходи (10,0% од БДП). Притоа ДДВ е наплатен во бруто износ од 44.021,1 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 13.008,2 милиони денари. Структурата на прометот во земјата укажува дека прометот со добра и услуги кои се оданочуваат со општата даночна стапка од 18% е намален за 0,3%, додека прометот кој се оданочува со



бенефицирана даночна стапка од 5% се зголемува за 7,3%, а прометот кој е ослободен од ДДВ забележува значаен пораст од 54%. Гледано по одделни категории на даноци приходите од персоналниот данок се остварени со речиси идентичен износ (намалување од само 0,2%) споредено со истиот период 2009 година, приходите од ДДВ забележаа рекорден раст од 9,5%, додека акцизите забележуваат поголемо остварување за 3,2%. Најголем пад од 24,7% оствариjа приходите од данокот на добивка (значителен е падот по основ на месечни аконтации, бидејќи во 2009 година аконтациите во првите два месеци се плаќани на добивката од 2007 година која се оданочуваше, додека во 2010 година поради изменета регулатива се плаќа само на непризнаените расходи утврдени со Даночниот биланс за 2008 година), почнувајќи од април оваа година е евидентиран приход за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, што учествува со 30,7% во структурата на овој данок, приходите од царина се остварени помалку за 6,4%, споредено со истиот период лани. Неданочните приходи се зголемени за 3,0% во однос на истиот период минатата година (при што само уплатата на дивидендата од Телеком во износ од 2.503 милиони денари учествува со 38,2% во вкупните средства).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште и станови се оствариjа во износ од 860 милиони денари, што е помалку за 5,4% споредено со истиот период од претходната година.

Социјалните придонеси од плата во овој период се остварени во износ од 31.401 милиони денари (придонесите по основ на пензиско и инвалидско осигурување изнесуваат 21.300 милиони денари, придонесите за здравствено осигурување се 8.757 и придонесите за вработување во износ од 1.344 милиони денари) што е помалку за 0,9% споредено со истиот период од 2009 година.

**3.2. Во периодот јануари - октомври 2010 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 73.557 милиони денари (17,3% од БДП), што е повеќе за незначителни 0,8% во однос на истиот период од 2009 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи 64.392 милиони денари учествуваат со 87,5% и се речиси исти во однос на истиот период минатата година, односно бележат намалување од само 0,1%, додека капиталните расходи забележаа учество од 12,5%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки се трансферите (36.557 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (17.658 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,0% и во однос на истиот период лани се зголемени за помалку од 1,0%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 7.929 милиони денари, односно имаат значително помало остварување во споредба со 2009 година, односно за 8,0%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени речиси идентични средства, односно намалување од 0,8% споредено со истиот период 2009 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно тие се 49,7% или

близу половина од вкупните расходи (8,6% од БДП). Во рамки на категоријата трансфери пак, учеството на категоријата други трансфери изнесува 53,4%. Ваквата структура на трансферите се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа, кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 74 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 11.985 милиони денари или за 82 милиони денари повеќе (0,7% зголемување).

Каматите се реализирани во износ од 2.248 милиони денари што е повеќе за 49,6% во споредба со истиот период во 2009 година. Ваквото зголемување е главно поради исплата на доспеани обврски за камати за втората еврообврзница во месец јули.

Средствата за капитални расходи изнесуваа 9.165 милиони денари, што претставува зголемување за 7,7% во споредба со истиот период во 2009 година и претставуваат 2,2% од БДП.

**3.3. Во десетте месеци од 2010 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 6.204 милиони денари (1,5% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 7.730 милиони денари и претставува 1,8% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во октомври 2010 година примарните пари[1] забележаа забавен раст од 7,5% на годишна основа (наспроти растот од 9,5% во септември), во услови на забавен раст на вкупните ликвидни средства на банките од 5,9% и раст на готовите пари во оптек[2] од 10,2%.**

На месечна основа, примарните пари забележаа раст од дури 6%, наспроти падот од 3,4% во септември, главно како резултат на повисоката на ликвидност на банките од 9,7%. Готовите пари во оптек се повисоки за 0,7% на месечна основа.

Народната банка на РМ во октомври 2010 година ја задржа каматната стапка на благајничките записи на непроменето ниво од 4,5% и каматната стапка на кредитите преку ноќ (ломбардните кредити) на 6,0%.

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вкучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари)
[2] Вклучува и готовина во благајна на банките

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на банките[3] во октомври 2010 година забележа месечен раст од 1,2% (наспроти растот од 1% во септември), движен во голема мера од растот на денарските депозити, од 2% (придонес од 80,8%).** Девизните депозити се повисоки за 0,4% во однос на претходниот месец. Од секторски аспект, депозитите на домаќинствата го интензивираа растот, односно со раст од 1,3% оствариja доминантен придонес од 75,8%. Депозитите на приватните претпријатија се повисоки за 1% во однос на минатиот месец.

**На годишна основа, вкупните депозити се зголемија за 13,3% (наспроти 14,5% во септември 2010 година).** Притоа, од секторски аспект растот главно беше движен од порастот на депозитите на домаќинствата од 17% (наспроти 17,6% во септември), со што оствариja придонес од 83,6%. Од друга страна, депозитите на претпријатијата бележат годишен раст од 4,4% (наспроти 6,8% во септември). Анализирано според валутата, доминантен придонес, од 66,6%, во растот на депозитниот потенцијал имаа денарските депозити, кои го продолжија трендот на висок раст и во октомври се зголемија за 19,2% (21% во септември). Девизните депозити забележаа раст од 8,2%.




**4.3. Во октомври 2010 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 0,4% на месечна основа,** при што кредитите кон домаќинствата забележаа пораст од 0,6%, додека кон приватните претпријатија раст од 0,2%. Според валутата пак, денарските пласмани во однос на минатиот месец се повисоки за 0,3%, додека девизните забележаа раст од 0,6%.

**На годишна основа, продолжува трендот на забрзан раст на кредитите, при што, годишната стапка на раст изнесуваше 8% (наспроти 7,7% во септември).** Од секторски аспект, доминантен придонес, од речиси 75%, во растот на вкупните кредити има кредитирањето на секторот на приватните претпријатија, кое е повисоко за 10,2%. Растот на кредитите кон домаќинствата во октомври продолжи да зајакнува и истиот изнесуваше 4,9%. Од валутен аспект, денарските кредити забележаа годишен раст од 5,7%, додека девизните кредити продолжуваат да остваруваат висок пораст од 16%.

**4.4. Во октомври 2010 година се забележи намалување на денарските каматни стапки, додека девизните се непроменети на месечно ниво.** Имено, активната каматна стапка на денарските кредити е намалена за 0,1 п.п. на месечно ниво и изнесува 9,1%. Во однос на октомври минатата година

---
[3] Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

каматната стапка на денарските кредити е значително пониска, за 1,2 п.п. Од друга страна, и пасивната денарска стапка е намалена за 0,1 п.п. и изнесуваше 6,7%, што во однос на минатата година претставува пад од 0,7 п.п.

Девизните каматни стапки се непроменети на месечна основа. Каматната стапка на девизните кредити изнесуваше 7,4% што претставува намалување од само 0,1 п.п. во однос на октомври 2009 година, додека каматната стапка на девизните депозити изнесуваше 3,0% и е пониска за 0,3 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во октомври 2010 година изнесуваа 1.662,98 милиони евра и во однос на декември 2009 година се повисоки за 65,3 милиони евра.**

# 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-октомври 2010 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 191.825 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 36,9% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува намалување на бројот на засновани нови работни односи за 4,2%.**

Во текот на месец октомври засновани се 19.075 нови работни односи, од кои 21,2% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во октомври изнесува 10.122, од кои 38,1% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 8.823 лица, од кои 50,5% се лица на кои им престанал работниот однос.




**Резултатот е намалување на невработеноста за 1.299 лица, односно за 0,4% во однос на претходниот месец. Така, во октомври 2010 година бројот на невработени лица изнесува 321.934.**

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 5,9%.

Најголем дел од невработените, односно 66,2% се од урбани средини (градско население), додека 57,5% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,5% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,9% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот

дел или 58,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 50,9% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 30,2% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во октомври 2010 година во Фондот на пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 272.446 пензионери, што претставува намалување од 0,2% во однос на истиот месец од минатата година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е намален за 655 лица.**

За исплата на пензии во месец октомври се потрошени 2.757,28 милиони денари, што претставува 50,8% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.

Во октомври 2010 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.274 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 2,1%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2010 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 49,9%.




**5.3. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-септември 2010 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2009 година бележи номинален раст од 2,8%, додека реално просечната плата е повисока за 1,7%.**

Во септември 2010 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.554 денари. Просечната месечна нето плата во септември 2010 година споредена со истиот месец од 2009 година бележи номинален раст од 2,5%, додека реално просечната плата е повисока за 0,5%. Процентот на вработени кои не примиле плата во септември 2010 година изнесува 2,2%, и е понизок за 0,4 п.п. во однос на истиот период од претходната година.



Извештајот го подготви

**Министерство за финансии**

**Сектор за макроекономска политика**

www.finance.gov.mk

Одговорни

**Анета Ацевска**

**Азби Фетаи**

**Бојана Илиевска**

**Ѓоко Ѓорѓески**

**Копринка Сапунова**

**Нецати Куртиши**

**Сами Асани**

Супервизија

**М-р Ленче Николова Гогова**

Скопје, декември 2010